Ние сме првиот и најдобар телекомуникациски оператор во Македонија, и веќе 23 години сме горд член на Групацијата Дојче Телеком. Нашата мисија е сите наши корисници да добијат исклучителни услуги и грижа, па поради тоа постојано инвестираме во најнови технологии и најиноватвни продукти, услуги и процеси со кои ги задоволуваме и најпребирливите барања и потреби на нашите корисници.

Нашите вработени се нашето најголемо богатство, а ние им обезбедуваме можности да го развијат својот потенцијал и да дадат свој придонес со своите силни страни и идеи, да бидат креативни, да работат со голема автономија, фокусирани на резултатите и корисниците, но и да се забавуваат додека сме на работното место. Приклучете ни се и заедно ќе работиме на проекти преку кои оставаме белег во општеството, вложувајќи во професионалниот и личниот развој, кој е неминовен.

## Помлад корпоративен интерен ревизор

Во моментов бараме Помлад корпоративен интерен ревизор кој би се приклучил на нашиот тим и би учествувал во спроведување на локални и меѓународни интерни ревизии во рамките на Компанијата и ДТ групација, почитувајќи ги стандардите за Интерна Ревизија.

**Работни задачи:**

- Подготвување на програми за ревизија врз основа на проценката, фокусирајќи се на најголемите ризици, правејќи истражувања и користејќи клучни методи за проценка со цел да се оценат ревидираните деловни области
- Ажурирање на ризиците од годишниот план за ревизија на квартално или 6-месечно ниво
- Работа со планирани и/или ad hoc ревизии коишто се засноваат на стандардите за интерна ревизија во рамки на компанијата
- Анализа на документи и информации; креирање на модели; идентификување на проблеми и давање на предлози за подобрување
- Подготвување на извештаи за ревизија кои ги содржат наодите од ревизијата, препораките и мерките за подобрување на работењето
- Потврда на заклучоци со факти, подготовка на нацрт извештај, подготовка на извештаи за ревизија кои ги содржат наодите од ревизијата, препораките и мерките за подобрување на работењето
- Имплементација на мерките од ревизијата фокусирајќи се на крајните рокови; повремено запишување статуси од имплементацијата и евиденции
- Грижа за следење на интерните - екстерните правила и почитување на истите
- Учество во проекти за ревизија на ниво на ДТ Групацијата
- Подготовка, подобрување и ажурирање на процеси и регулативи за интерна ревизија
- Координација и подготовката на квартални извештаи за интерна ревизија

**Потребни квалификации:**

- Диплома од Факултет од областа на Економија, Финансии, Ревизија или друга сродна област
- Минимум 2 години релевантно работно искуство во областа на интерна или екстерна ревизија
- Основно познавање на Меѓународните Стандарди за Интерна Ревизија

**Што очекуваме:**

- Тимски играч
- Амбициозност и желба за постојано учење
- Аналитички вештини
- Одлични комуникациски вештини

Доколку ги поседувате потребните вештини и квалификации, ве охрабруваме да аплицирате и да станете дел од нашиот тим.

**Што нудиме:**

- Работа во интернационална компанија по стандарди на ДТ методологија
- Плата и финансиска мотивација (компетентен бонус) согласно утврдените интерни акти на компанијата
- Можност за континуирано професионално усовршување и развој
- Приватно здравствено осигурување
- Службен мобилен телефон и бенефиции од користење на услугите на МКТ
- Бесплатен фитнес клуб и јога во рамките на компанијата
- Останати бенефиции како вработен во МК

**Работно време:**

Работното време на компанијата е флексибилно во траење од 8 часа (со почеток помеѓу 08:00 и 09:00 часот и завршување помеѓу 16:00 и 17:00 часот)

**Како да аплицирате:**

Вашето CV испратете го електронски на апликацијата на следниот линк http://www.telekom.mk/tekovni-oglasi.nspx или на адреса на Македонски Телеком АД Скопје, ул. Кеј 13 Ноември бр.6 со назнака оглас за вработување на **Помлад корпоративен интерен ревизор.**

Контакт информации тел. 02/ 3 242-694

**Огласот ќе биде отворен од 05.07.2024 до 21.07.2024.**

**Забелешка:**

*Сите примени апликации ќе бидат разгледани со строга доверливост. За одредени позиции е можно да биде спроведен тест на пред-селектираните кандидати, пред да биде направено финалното интервју. За интервју ќе бидат контактирани само кандидати кои ќе влезат во потесен избор.*

*Нецелосните апликации и оние кои ќе бидат примени по истекот на крајниот рок нема да бидат земени во предвид.*

*Македонски Телеком АД го задржува правото да не ја пополни огласената позиција.*